Република Македонија,

МИНИСТЕРСТВО ЗА: ЕКОНОМИЈА

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва

ЕПП бр.2009.0400.5057

Усогласеност со Годишната програма на Владата: ДА

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:
ДА ДЕЛУМНО НЕ

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот: на првата наредна седница

Карактер на материјалот:
слободен пристап

Итност на материјалот: има итен карактер

Прилог:

Дата на доставување на материјалот:
__________.12.2010

ПОТПИС:
МИНИСТЕР
ФАТМИР БЕСИМИ,

Изготвил: Јасмина Трајаноска, раководител на одделение
Контролирал: Александар Поповски, раководител на сектор за Европска Интеграција
Проверил: Исмаил Ебипи, Државен советник
Одобрил: Катерина Костеска, Државен секретар

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

*М Е М О Р А Н Д У М*

НАСЛОВ: ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

ПОТПИС: ______________________________

Скопје, декември 2010

1.Осврт по материјалот:

Со предлог законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва се врши заокружување на неколкугодишниот процес на целосно усогласување со Директивата 2003/58/ЕЗ во правец да се овозможи комплетно електронско решение за упис во трговскиот регистар (едношалтерски систем фаза 2) што е приоритет на Владата на Република Македонија во подобрување на деловното окружување. Покрај ова со предлог-законот се врши имплементација на препораките од бизнис заедницата во рамките на Регулаторна Гилјотина фаза 3 (подолго времетраење на полномошното за гласање на собрание, допрецизирање на одредбите за ослободување од обврска да се приложи полномошно или нотарска заверка за брокерските друштва и други финансиски институции кои како иматели на сметки за свои клиенти практично се законски акционери и имплементација на Doing Business препораките (скратени рокови за ликвидација, он лајн регистрација на трговски друштва).

2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):

Во Република Македонија се создадени правни и институционални услови за целосно транспонирање на Директивата 2003/58/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 15 јули 2003 година со која се менува Директивата на Советот 68/151/ЕЕЗ во однос на условите за обелоденување податоци за некои видови трговски друштва. Институционалната имплементација преку проектот Едношалтерски систем фаза 2, за кој правната рамка се уредува токму со овој закон, обезбедува Република Македонија да го дели првото место во светот согласно индикаторот отворање бизнис на Светска Банка – Doing Business, по брза, ефтина и со најмалку формалности постапка за регистрација на трговско друштво т.е комплетно електронска.

3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации: Секретаријат за Европски прашања, Секретаријат за законодавство, Министерство за правда, Министерство за финансии, Централен регистар, Кабинет на ЗПВРМ задолжен за економски прашања.

4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош:Не

5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија: Има

6. Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори: Не е поврзано

7. Решение кое се препорачува (со образложение): Да се усвои Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Се предлага Владата на Република Македонија да го усвои предлог-законот.

8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:
Нема фискални импликации

9. Очекувани влијанија: Целта на предложениот закон е подобрување на деловната клима во Република Македонија и целосно усогласување со Директивата 2003/58/ЕЗ

на Европскиот Парламент и на Советот од 15 јули 2003 изменувајќи ја Директивата на Советот 68/151/ЕЕЗ во однос на условите за објавување во однос на некои видови трговски друштва.

10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:

11. Клучни елементи за информирање на јавноста: овозможување комплетно електронско поднесување документи во трговскиот регистар

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ
НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| Назив:<br>Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва | Министерство / орган на државна управа :<br>Министерство за економија |
| Цел на предлогот:<br>Предлог закон | Вид на предлог:<br>Информација |
| Контакт лице и звање:<br>Александар Поповски, раководител на сектор за ЕУ | Контакт тел./факс или е-пошта:<br>3093-467, aleksandar.popovski@economy.gov.mk |

Активност:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на барање: | () Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | (^ ) Нова програма<br><br>() Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

Цел на барањето / предложената активност: Усогласување со Европското законодоавство

Врска со владината програма: Европски интеграции

| Фискални импликации: | (илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| A. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| B. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| D. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| E. Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д) | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| F. Зголемување / намалување на приходите | 0 | | | |
| Г. Дополнителни извори на финансирање или споредување на трошоците | 0 | | | |
| 10. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | 0 | | | |
| 11. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | | | | |
| 12. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | | | | |
| 13. Дата на завршување на проценката | 5.12.2010 | | | |
| 14. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | 6.12.2010 | | | |
| 15. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 16. Измени побарани од Министерството за финансии: | | | | |
| 17. Одговор на министерството-предлагач: | | | | |
| 18. Одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 19. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | | | | |

20. Одобрено/Дата: _____.12.2010 Министер,
Државен секретар, Ден / месец / год. Фатмир Бесими
_______________ Ден / месец / год.
Катерина Костеска

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Скопје, декември 2010 година

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Генералната цел на овие измени и дополнувања на Законот за трговските друштва е следна:

- Имплементација на мерките предвидени во Регулаторна Гиљотина Трета фаза;
- Имплементација на мерка предвидена во планот за подобрување на деловното окружување во постапката за ликвидација;
- Имплементирање на единствената забелешка од Европска комисија во делот на прекуграничното спојување;
- Воспоставување на правен основ за електронско поднесување на пријава и документи за регистрирање на трговско друштво.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог законот се заснова на истите начела на кои се заснова и законот кој се менува.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените изменувања и дополнувања на овој Закон не е потребно обезбедување на финансиски средства и истиот нема да предизвика определени материјални обврски за одделни субјекти.

V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕУ

- Директива 2003/58/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 15 јули 2003 година со која се менува Директивата на Советот 68/151/ЕЕЗ во однос на условите за обелоденување податоци за некои видови трговски друштва.
- Директива 32007L0036 за остварување на правата на акционерите на собранија на друштвата чии акции котираат на берза
- Директива 32005L0056 за прекугранично спојување на трговски друштва
- Седма Директива 1983/0349/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 13 јуни 1983 година врз основа на Член 54 (3) (г) од Договорот за консолидирани сметки.

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Во Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10 и 48/10) по член 18 се додава нов член 18-а кој гласи:

„Член 18-а

(1) Поднесувањето на пријавата за упис од член 14 став (1), прилозите од член 16 став (5) и пријавата за бришење на уписот од член 18 став (2) од овој закон, може да се врши и само во електронска форма согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.
(2) Поднесувањето на прилозите од член 14 став (3), член 16 став (5) и пријавата за бришење на уписот од член 18 став (2) од овој закон може да се врши и само во електронска форма согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.
(3) Потписот на трговецот-поединец од член 14 став (3) точка 1) од овој закон не се заверува на нотар ако се поднесува како прилог потпишан со електронски потпис преку едношалтерскиот систем.
(4) Договорот за пренос на фирмата од член 16 став (5) точка 1) од овој закон може да биде и само во електронска форма потпишан со електронски потпис согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.“

Член 2

Во член 29 став (2) во точката 5) по зборовите „повластување на доверители“ се додаваат зборовите„ сè додека трае забраната.“

Член 3

Во член 32 по став (5) се додава нов став (6) кој гласи:
„(6) Изјавата од ставовите (2) и (3) на овој член не се заверува на нотар во случај кога се поднесува во електронска форма преку едношалтерскиот систем согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.“

Член 4

Во член 36 по зборовите „под условите и начинот утврдени со“ се додаваат зборовите „овој закон и“.

Член 5

Член 37 се менува и гласи:

„Член 37

(1) Податоците запишани во трговскиот регистар се објавуваат во целост на интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија освен во случај кога со овој закон или со друг закон е пропишано податоците да се објавуваат делумно, да не се објавуваат, или е определен друг начин на нивно објавување. Трошоците за објавувањето паѓаат на товар на субјектот на уписот.

(2) Во случај кога судот донел правосилна одлука согласно која треба да се изврши упис на податок во трговскиот регистар односно да се спроведе измена или бришење на веќе запишани податоци во трговскиот регистар, судот по службена должност до Централниот регистар на Република Македонија ја доставува одлуката заради нејзин упис во трговскиот регистар односно заради објава на податоците од истата на интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија кога е тоа определено со овој закон. Во објавата на интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија се наведуваат актите врз основа на коишто е извршен уписот и се наведува правото на увид на тие акти во трговскиот регистар.

(3) Субјектот на уписот може, на сопствен трошок и по сопствен избор, податоците запишани во трговскиот регистар да ги објавува и во дневниот печат.

(4) Трети лица можат да се повикуваат само на податоците за кои согласно овој закон е пропишано нивно објавување на интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија од моментот кога тие се објавени, без разлика дали истите се различни од податоците објавени во печатен или електронски медиум или објавени на друг начин.

(5) Трети лица можат да се повикуваат само на податоците за кои согласно овој закон е пропишано нивно објавување во „Службен весник на Република Македонија” од моментот кога тие се објавени, без разлика дали истите се различни од податоците објавени во друг печатен или електронски медиум или се објавени на друг начин.

(6) Централниот регистар на Република Македонија и „Службен весник на Република Македонија” по потреба издаваат специјални изданија со податоци запишани во трговскиот регистар.“

(7) Кога со овој закон е утврдена обврската објавувањето да се врши во дневен весник, објавувањето се врши во дневен весник што се дистрибуира на целата територија на Република Македонија.

Член 6

Во член 38 ставот (2) се менува и гласи:
„Ако постои несогласност на податоците за кои со закон е пропишано да се објават на интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија и истите биле објавени, или во случај кога постои несогласност на податоците за кои со закон е пропишано да се објават во „Службен весник на Република Македонија” и истите биле објавени, со податоците запишани во трговскиот регистар, несогласноста не може да се истакнува спрема трети лица.
Третите лица можат да се повикуваат на податоците за кои со закон било пропишано да се објават и истите податоци се објавени на интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија односно да се повикуваат на податоците за кои со закон било пропишано да се објават и истите податоци се објавени во „Службен весник на Република Македонија” освен ако друштвото докаже дека биле известени односно дека биле запознаени со податоците запишани во трговскиот регистар.

Член 7

Во член 65 ставот (3) се менува и гласи:

„Потписот од ставот (2) на овој член не се заверува на нотар ако се поднесува во електронска форма согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.“

Член 8

Во член 78 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:
„(4) Упис на прокура може да се врши и само во електронска форма согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.“

Член 9

Во член 79 во ставот (2) точката се брише и се додаваат зборовите „или се дава во електронска форма потпишано со електронски потпис согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.“

Член 10

Во член 92 ставот (1) се менува и гласи:

„Постапката за упис во трговскиот регистар се поведува со поднесување пријава на пропишан образец во којашто е содржано барањето за упис. Пријавата се поднесува од овластен подносител во писмена форма или во електронска форма потпишана со електронски потпис согласно Законот за податоците во електронски облик и

електронски потпис и поднесена согласно Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.“

Во ставот (3) зборовите „„заверено кај нотар, освен ако со овој закон поинаку не е определено“ се заменуваат со зборовите „во писмена форма заверена кај нотар или дадено во електронска форма потпишано со електронски потпис согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.“

Член 11

Во член 93 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:
„(5) Прилозите од овој член можат да бидат поднесени и само во електронска форма преку едношалтерскиот систем и потпишани со електронски потпис согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис .“

Член 12

Во член 108  ставот (2) се менува и гласи:
„Бришењето на уписот од трговскиот регистар Централниот регистар го објавува на својата инетрнет страница. Одлуката од членот 107 на овој закон произведува правно дејство спрема трети лица наредниот ден од денот на нејзиното објавување.

Член 13

Во член 109 во став (3) зборовите „со прибелешка во регистарската влошка и тоа ќе го објави “ се заменуваат со зборовите „во регистарот од член 29-б од овој закон.“

Член 14

Во член 112 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) По исклучок од ставот (2) на овој член,  потписите  на содружниците  на друштвото не се заверуваат на нотар ако договорот за друштвото е во електронска форма потпишан со електронски потпис од содружниците на договорот за друштвото согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис“.

Член 15

Во член 115 во став (3) зборовите „-заверени, приложени и дадени“ се бришат.

Член 16

Во член 142 ставот (3) се менува и гласи:
„Тужбата од ставот (1) на овој член се поднесува во рок од 90 дена од денот на сознавањето на причината, но не подолго од една година од денот на настанувањето на причината.“

Член 17

Член 150 се менува и гласи:

„Командитното друштво се основа со договор за друштво во писмена форма и со заверени потписи на содружниците на договорот за друштвото кај нотар или во електронска форма потпишан со електронски потписи од страна на содружниците на договорот за друштвото согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.“

Член 18

Во член 153 во ставот (4) зборовите„заверени, приложени и дадени“се бришат.

Член 19

Во член 159 во ставот (1) на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите „или дадена во електронска форма потпишана со електронски потпис согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.“

Член 20

Во член 170 во ставот (1) на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите „во писмена форма или во електронска форма.“

Ставот (2) се менува и гласи:

„Ако друштвото го основа едно лице, договорот за друштвото се заменува со изјава на основачот за основање на друштвото со ограничена одговорност (во натамошниот текст: изјава за основање на друштвото) во писмена форма или во електронска форма потпишана со електронски потпис согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис .“

Ставот (3) се менува и гласи:
„Потписите на основачите на договорот за друштвото во писмена форма односно потписот на основачот на изјавата за основање на друштвото во писмена форма се заверуваат кај нотар. Електронскиот потпис на секој од основачите на договорот за друштвото во електронска форма односно електронскиот потпис на изјавата за основање на друштвото на основачот во електронска форма се дава согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.“

Во ставот (4) по зборот „нотар“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „освен во случај кога полномошното е потпишано со електронски потпис согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис “

Член 21

Во член 183 во став (2) зборовите „заверени, приложени и дадени“ се бришат.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Прилозите од став (1) од овој член можат да бидат поднесени во електронска форма согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица. “

Член 22

Во член 207 ставот (3) се менува и гласи:
„Тужбата се поднесува во рок од 90 дена од денот на сознавањето на причината, но не подолго од една година од денот на настанувањето на причината.“

Член 23

Во член 208 ставот (3) се менува и гласи:
„ Тужбата се поднесува во рок од 90 дена од денот на сознавањето на причината, но не подолго од една година од денот на настанувањето на причината.“

Член 24

Во член 242 ставот (4) се менува и гласи:

„Се смета дека на управител му престанал мандатот со денот што го назначил во оставката, поднесена во писмена форма или во електронска форма до сите содружници. Управителот го заверува потписот на оставката кај нотар. Ако оставката е дадена во електронска форма истата управителот мора да ја потпише со електронски потпис согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис. По поднесената оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Ако интересите на друштвото тоа го наложуваат, содружниците можат да го обврзат управителот да ја врши функцијата до избор на нов управител, но не подолго од 30 дена. До трговскиот регистар се поднесува оставката во писмена форма или електронска форма согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис за да се изврши бришење на уписот на управителот во трговскиот регистар. Ако друштвото е со еден управител, а друштвото нема избрано управител, судот поставува привремен управител, на начин определен со овој закон.“

Член 25

Во член 253 во став (1) на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите „освен кога полномошното е дадено во електронска форма и потпишано со електронски потпис согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис. “

## Член 26

Во член 285 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Статутот од став (3) на овој член може да биде само во електронска форма потпишан со електронски потпис согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.“

## Член 27

Во член 392 ставот (6) се менува и гласи:

„Полномошното има важност се до неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото давање“.

## Член 28

Во членот 400-б ставот (1) се менува и гласи:

„Банки и брокерски куќи кои вршат услуги на чување на хартии од вредност и управување со портфолио на хартии од вредност и други физички или правни лица кои согласно закон може да бидат иматели на сметка на хартии од вредност на која се евидентираат акции во овластен депозитар (во натамошниот текст:посредници) може за сметка на друго физичко или правно лице(во натамошниот текст:клиент), кое им го доверува управувањето и располагањето со своите хартии од вредност и остварувањето на правата од тие хартии од вредност, да учествуваат и гласаат на седница на собрание на друштвото доколку на друштвото му го обелоделениле идентитетот на секој клиент и бројот на акциите чие право на глас го остваруваат за сметка на секој клиент, како и содржината на овластувањето и инструкциите за гласање ако такви инструкции примиле од клиентот. Друштвото не смее да бара посредниците да приложат полномошно, нотарска заверка или потврда од домашен или странски орган за договорите, документите или прилозите со кои се врши обелоденување на овластувањето кое клиентот му го дал на посредникот за учество и гласање на седница на собрание на друштвото за сметка на клиентот.“

## Член 29

Член 473 се менува и гласи:

„(1) Сите лица кои се сметаат за трговци според својата форма, како и трговецот - поединец се должни најмалку еднаш годишно во деловната година да извршат попис на средствата и обврските и да ја усогласат сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена со пописот.

(2) Трговецот врши попис и во случај на статусни промени и во други случаи определени со друг закон.

(3) Начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена со пописот ги пропишува министерот за финансии.“

Член 30

Во член 504 ставот (2) се брише.
Во ставот (3) кој станува став (2) зборовите „меѓународните сметководствени стандарди“ се бришат.

Член 31

Во член 505 став (1) се менува и гласи:
„(1) Консолидираната годишна сметка содржи консолидиран биланс на состојбата, консолидиран биланс на успех и објаснувачки белешки.“

Член 32

Во член 537-г во ставот (2) зборовите „за заштита на конкуренцијата “ се бришат.

Член 33

Во член 537-ѕ во ставот (3) зборовите „ членот 537-ѕ “ се заменуваат со зборовите „членот 537-з“.

Член 34

Во член 541 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
„(2) Пријавата за упис на ликвидатор како и секоја промена заради упис во трговскиот регистар која ја пријавуваат самите ликвидатори може да се поднесува и само во електронска форма преку едношалтерскиот систем.“

Ставот (2) станува став (3).

По ставот (3) кој станува став (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) По исклучок од ставот (4) на овој член ликвидаторите можат да го достават својот потпис како прилог во електронска форма преку едношалтерскиот систем ако е потпишан со електронски потпис без истиот да го заверат нотар.“

Член 35

Во член 544 бројот „30“ се заменува со зборот „петнаесет.“

Член 36

Член 545-в се менува и гласи:

“Член 545-в

Доколку ликвидаторот по истекот на рокот за пријава на побарувањата утврди дека нема пријавени побарувања на доверителите, ликвидаторот е должен во рок од три дена да поднесе пријава за бришење на трговското друштво од трговскиот регистар. Ликвидаторот може да ја потпише пријавата за бришење на трговското друштво од трговскиот регистар и само со електронски потпис пред истата да ја поднесе во електронска форма преку едношалтерскиот систем.“

Член 37

Во член 581 ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Странско трговско друштво или странски трговец-поединец е должен да организира подружница за вршење дејност на територијата на Република Македонија ако има регистрирано седиште, централна управа или главно место на вршење на дејност во друга земја чие право бара од трговските друштва и трговци-поединци запишани во трговскиот регистар да организираат подружница за да можат да вршат дејност на нејзината територијата.

Член 38

Во член 598 во ставот (1) точките 4), 5), 6), 7) и 8) се бришат.
Ставот (2) се брише.

Член 39

По член 598 се додава нов член 598-а кој гласи:

Член 598-а

Прекршочна санкција забрана на вршење дејност од една до три години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на трговецот-поединец ако:
1) започне со вршење дејност пред запишувањето во трговскиот регистар и пред добивањето одобрение од надлежен орган за исполнување на пропишаните услови за вршење на таа дејност ако е тоа определено со закон (член 63);
2) презема правни работи и дејствија надвор од предметот на работење, запишан во трговскиот регистар (член 64 став (1));
3) не води или уредно не ги води трговските книги (членови 471 став (1) и 472 став (3));
4) не ги чува на соодветен и правилен начин трговските и другите документи (член 474) и
5) не составува, не објавува и не доставува годишни сметки (членови 476 став (1) и 477 ставови (1), (4) и (5)).

Член 40

Во член 599 во ставот (1) износот „ 2500 “ се заменува со износот „1500“ а износот “5000“ со износот „3000“ .
Точките 1), 3), 5), 6) и 7) се бришат.
Точката 2) станува точка 1) а точката 4) станува точка 2).

Ставот (2) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од став (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото.“

Ставот (3) и ставот (4) се бришат.

Член 41

По член 599 се додава нов член 599-а кој гласи:

„Член 599-а

(1) Прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од една до три години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на друштвото ако:

1) започне со вршење дејност пред запишувањето во трговскиот регистар и пред добивањето одобрение од надлежен орган за исполнување на пропишаните услови за вршење на таа дејност ако е тоа определено со закон (член 63);

3) во своето работење фирмата не ја употребува како што е запишана во трговскиот регистар (член 52 став (1)) или употребува скратен назив на фирмата, а истиот не е запишан во трговскиот регистар (член 52 став (3));

5) не ја пријави промената на седиштето во трговски регистар (член 61 став (3)) и

6) не составува, не објавува и не доставува годишни сметки, односно и консолидирани годишни сметки, финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи, кога има-
ат обврска за тоа со овој закон (членови 476 став (1), 477 став (1), (4) и (6), 482 ставови (1) и (2), 504 и 506 ставови (4) и (5));

7) не исплати дивиденда во рокот утврден со членот 487 став (5) од овој закон;

(2) Прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење од една до три години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото.“

Член 42

Во член 600 во ставот (1) бројот „ 2500 “ се заменува со износот „1500“ а износот “5000“ со износот „3000“
Точките 2) и 3) се бришат.
Во ставот (2) зборовите „1000 до 2000“ се заменуваат со износот „1500“
Ставот (3) се брише.

Член 43

По член 600 се додава нов член 600-а кој гласи:

„Член 600-а

Прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење од една до три години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на одговорното лице во јавното друштво ако:

1) содружниците кои не се управители ги лиши од правата (член 132) и
2) ако не го пријави за упис во трговскиот регистар престанувањето на друштвото (член 147).

Член 44

Во член 601 во ставот (1) износот „ 2500 “ се заменува со износот „1500“ а износот “5000“ со износот „3000“.
Точките 2), 6), 8) и 12) се бришат.
Точките 3), 4), 5), 7), 9), 10), 11) и 13) стануваат точки 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8) и 9).
Ставот (2) се брише.
Ставот (3) кој станува став (2) се менува и гласи:
„(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) од овој член на одговорното лице во друштвото.“
Ставот (4) се брише.

Член 45

По членот 601 се додава нов член 601-а кој гласи:

„(1) Прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од една до три години сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на друштво со ограничена одговорност ако:

1) не изготви годишна сметка, финансиски извештај и годишен извештај за работата на друштвото од претходната деловна година или ако бидат изготвени, а не ги поднесат на собирот на содружниците, односно на собранието во роковите определени со овој закон (член 240 став (2));
2) не го поднесе извештајот од извршената ревизија од овластени ревизори до собирот на содружниците (член 230 став (3));
3) секоја промена на податоците, секое пристапување и истапување на содружник од друштвото не ја пријави за упис во трговскиот регистар со пријава (член 182 став (4));
4) не го пријави за упис во трговскиот регистар престанувањето на друштвото (член 269 став (1))

(2) Прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење од една година сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече за прекршок од став (1) од овој член на одговорното лице на друштвото.“

Член 46

Во член 602 во ставот (1) износот „ 2500 “ се заменува со износот „1500“ а износот “5000“ со износот „3000.“
Точките 1), 2), 3), 13) и 14) се бришат.
Точките 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12) стануваат точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7) ,8) и 9).
Ставот (2) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото.“

Член 47

По член 602 се додава нов член 602-а кој гласи:

„Член 602-а

(1) Прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од шест месеци до една година сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на друштво со ограничена одговорност ако:

1) пред уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар издало акции (член 302 став (1));

2) не ги чува актите и документите во седиштето на друштвото, предвидени во членот 319 на овој закон;

3) ги лиши акционерите од правото на информирање (член 320);

4) не поднесе пријава заради упис во трговскиот регистар на одлуката за престанување на друштвото (член 453 став (1)) и

5) не поднесле пријава за упис во трговскиот регистар на преобразбата на друштвото од една во друга форма (член 514 став (1)).

(2) Прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење од шест месеци до една година сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече за прекршок од став (1) од овој член на одговорното лице на друштвото.“

Член 48

Во член 603 во ставот (1) зборовите „ од 2.500 до 25.000 евра “ се заменуваат со зборовите „од 5000 евра.“
Во ставот (2) зборовите „до 2.000“ се бришат.

Член 49

Член 604 се менува и гласи:

„ (1) Глоба во износ од 1500 до 3000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на командитното друштво, ако извршило преобразба во друга форма а не поднело пријава за упис во трговскиот регистар на преобразбата на друштвото (член 514 став (1)).

(2) Глоба во износ од 1500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото.“

Член 50

По членот 604 се додава нов член 604-а кој гласи:

„Член 604-а

(1) Прекршочна санкција - забрана за вршење дејност во траење од една до три години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на командитно друштво со акции ако неговиот упис во трговскиот регистар е извршен спротивно на членот 464 од овој закон

(2) Прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење од една до три години сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече за прекршок од став (1) од овој член на одговорното лице на друштвото.“

Член 51

Во член 605 ставот (1) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1500 до 3000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на странско трговско друштво ако врши дејност на подрачјето на Република Македонија без основање подружница а бил должен да ја организира согласно одредбите на член 581 став (2) од овој закон..“

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во странското трговско друштво за прекршокот од ставот (1) од овој член.“

Член 52

Подзаконскиот акт од член 470 став (3) овој закон ќе се донесе во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 53

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија бр.48/10) во членот 26 зборовите „член 604-а“ се заменуваат со зборовите „член 604-б“

Член 54

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со член 1 се воведува нов член 18-а со кој се овозможува во постапката на упис во трговскиот регистар, пренесување на фирмата како и бришењето од регистарот на трговецот поединец заедно со сите прилози да се врши само во електронска форма. Досега оваа можност не постоеше но со реализацијата на проектот Едношалтерски систем фаза 2 развиено е електронско решение со кое се овозможува со користење на електронски потпис да се поднесат пријавите за упис и прилозите во постапките на упис на правно-релевантни факти од значење за трговецот поединец кои сеупишуваат согласно ЗТД во трговскиот регистар да се поднесуваат само во електронска форма.

Со член 2 се брише претежната дејност од причина што согласно истиот член и став (3) е определено дека подружницата ги врши сите дејности од предметот на работењето на друштвото, што значи дека друштвото е веќе запишано во трговскиот регистар и оттука нема потреба повторно да се бара во одлуката за организирање подружница да се внесуваат дополнителни факти кои ионака се запишани во трговскиот регистар и за друштвото а немаат суштинско значење кога истото организира подружницата. Покрај тоа со последните измени на Законот за едношалтерски систем а во функција на воспоставувањето на општа бизнис клаузула, претежната дејност се замени со приоритетна дејност при основање на трговско друштво односно со главна приходна шифра која автоматски ја доделува Централен регистар.

Со член 3 се овозможува изјавите кои се поднесуваат согласно член 32 став (2) и (3) да бидат само во електронска форма.

Со член 4 се врши дополнување на членот 36 во правец да спречи да настане непримена на одредбите на ЗТД кои ја уредуваат добивката и нејзиното распоредување. Поточно се врши правно-техничко усогласување со постоечките членови. Ова особено се однесува на односот со дивидендата по член 487 од ЗТД каде е пропишано кога истата може да се подели.

Со Член 5 се врши ревизија ставот за да биде во согласност со целта објавите на податоците од трговскиот регистар да се вршат на интернет страницата на Централен регистар, заради поефтини трошоци во однос на објавата која се врши во Службен весник на Република Македонија и потребата од заменување на писмена со електронска форма во однос на објаваувањето податоци од трговскиот регистар кој и се води во електронска формаЦелта е објавата да се врши во најголем број случаи на интернет страницата на Централен регистар.

Со член 6 се менува член 38 од истите причини како и членот 37

Со член 7 се овозможува поднесување на потпис на законскиот застапник само во електронска форма заради овозможување и онлајн регистрација на трговско друштво но и електронски да се врши промена на потпис преку едношалтерскиот систем. Сегашното решение не е доволно прецизно во определувањето дали поднесувањето на електронски потпис го исклучува нотарското заверување на истиот. Исто така е спорно

поистоветувањето на потписот на законскиот застапник со неговиот електронски потпис.

Со член 8 се овозможува упис на прокурата само по електронски пат.

Со член 9 се овозможува ц

Со член 10 и член 11 се овозможува електронско поднесување на пријава за упис и поднесување на прилозите во постапката (исправи и докази) во трговскиот регистар заради упис во трговскиот регистар по електронски пат.

Со член 12 се менува член 108 од основниот текст од истите причини како и членовите 5 и 6 од предлог законот.

Со член 13 се врши правно техничко усогласување на член 109 со регистарот од член 29-б и се пропишува објавување на изречената прекршочна санкција на интернет страницата. Постоечкото решение е недоволно прецизно во поглед на начинот на објава.

Со член 14 се овозможува електронско потпишување на договорот за јавното трговско друштво.

Со член 15 се овозможува електронско поднесување на потписи при основање јавно трговско друштво и се бришат зборовите во интерес на јасно и прецизно поврзување на член 115 со член 65 од законот.

Со член 16 се врши допрецизирање во смисла на утврдување на објективен и субјективен рок во кој може да се поднесе предмената тужба .

Со член 17 се овозможува електронска форма на договорот за основање на командитно друштво и следствено негово електронско поднесување како прилог во постапката на упис на тоа друштво во трговскиот регистар.

Со член 18 се вршат измени во однос на командитното друштво од истите причини како и член 14 од предлог законот спрема јавното трговско друштво.

Со член 19 се овозможува согласноста за пренос на удел во командитно друштво да биде дадена во електронска форма потпишана со електронски потпис на место како досега само во писмена форма заверена на нотар.

Со член 20 се овозможува склучување на договорот за основање ДОО односно изјавата за основање ДООЕЛ да се врши електронски, на начин кој опфаќа електронско потпишување на истите. Истото е во функција на овозможување онлајн регистрирање трговско друштво во форма на ДОО или ДООЕЛ.

Со член 21 се овозможува електронско поднесување прилози во постапката на регистрација на ДОО/ДООЕЛ.

Со член 22 и член 23 се врши измена од истите причини како и со член 15.

Со член 24 се овозможува оставката да биде дадена во електронска форма.

Со член 25 се овозможува полномошното со кое едно лице е ополномоштено да поднесе пријава за упис на одлука за измена на договорот за друштвото да биде во електронска форма.

Со член 26 се овозможува статутот на АД да биде потпишан и само електронски.

Со член 27 се имплементира препораката на бизнис заедницата во рамките на Регулаторна Гилјотина Трета фаза односно се овозможува со исто полномошно максимум две години постојано да биде во важност и да овозможи полномошникот да ги преземе сите дејства на собрание на друштвото за кои е овластено со полномошното.

Со член 28 се имплементира препораката на бизнис заедницата во рамките на Регулаторна Гилјотина Трета фаза за допрецизирање на членот во смисла експлицитно да се прецизираат банките и брокерските друштва да учествуваат и гласаат на седница на собрание на друштвото ако на друштвото му го обелодениле идентитетот на секој свој клиент и бројот на акциите чие право на глас го остваруваат за сметка на секој клиент, како и содржината на овластувањето и инструкциите за гласање ако такви инструкции примиле од клиентот без да им се бара полномошно заверено на нотар.

Со член 29 се интервенира заради подобрување на постојниот текст на членот со што ќе се даде и правен основ за дефинирање на начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба со подзаконски акт кој ќе го пропише министерот за финансии.

Со член 30 од предлог законот се интервенира во текстот на законот од причина што согласно член 469 став (1) од Законот за трговските друштва водењето на сметководството се врши во согласност со усвоените меѓународните стандарди за финансиско известување, кои министерот за финансии со подзаконски пропис ги пропишува како правила за водење сметководство во Република Македонија. Исто така, бришењето на став (2) е потребно и поради укинувањето на можноста за вршење на даночна консолидација од страна на матичното правно лице и неговите подружници согласно измените Законот за добивката објавени во „Службен весник на Република Македонија" 159/08. Бришењето на зборовите „меѓународните сметководствени стандарди" во ставот (3) од истиот член кој станува нов став (2) е поради тоа што меѓународните сметководствени стандарди се составен дел на меѓународните стандарди за финансиско известување.

Со член 31 од предлог законот се интервенира во текстот на законот од причина што е потребно објаснувачките белешки да се пропишат како трет составен елемент на консолидираната годишна сметка.

Со член 32 се брише причината за спротивставување (одбивање) на прекугранично спојување од надлежен орган поради повреда на прописите за заштита на конкуренција. Од страна на Европската комисија добиена е единствена забелешка на транспонираната директива за прекугранично спојување извршено со Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва (48/2010) во правец дека Директивата не пропишува таква можност и дека истата причина како таква не треба да биде допуштена со национален пропис. Поради тоа, се предлага бришење на спорната одредба.

Со член 33 се врши номотехничка корекција.

Со член 34 се овозможува електронско поднесување податоци за упис во постапката на ликвидација.

Со член 35 се скратува постапката на пријавување побарувања од страна на доверителите во постапката на ликвидација кога се објавува оглас дека друштвото се ликвидира.

Со член 36 се овозможува ликвидаторот да може да ја потпише пријавата за бришење на трговското друштво од трговскиот регистар и само со електронски потпис

Со член 37 се воведува реципроцитет во третирањето на странските друштва во Република Македонија од аспект на отворањето подружници. Имено доколку експлицитно се бара отворање на подружници како услов за странско трговско друштво да работи во Република Македонија а истото не се бара за македонско друштво кое истапува на пазарите на земјите членки на ЕУ тогаш би имало повреда на Член 49.1 од ССА согласно која земјата не треба да ги третира и условува на различен начин домашните и странските друштва. Како што е познато во Р.Македонија отворање подружница е опционо, додека согласно предметниот член во неизменета форма односно член 605 ги задолжува странските трговски друштва да отвораат подружници зашто во спротивно ќе се смета дека сториле прекршок. Во таа смисла се менува член 51 од Предлог законот.

Со член 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50 и 51 се намалува максималниот износ, распонот и се утврдуваат фиксни износи на санкции за повреди на Законот за трговските друштва. Како основна граница е земена минимално пропишаната санкција. Изземени се од интервенција казнените одредби утврдени со последните измени на ЗТД бидејќи истите се оценуваат за адекватни во моментот.

Со член 52 се дава рок за однесување на подзаконскиот акт по член 32 (член 473 став (3)) од предлог-законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите на Предлог законот во однос на законот се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

- Имплементација на две мерки предвидени во Регулаторна Гилјотина Трета фаза;
- Имплементација на мерка предвидена во планот за подобрување на деловното окружување во постапката за ликвидација;
- Имплементирање на единствената забелешка од Европска комисија во делот на прекуграничното спојување;
- Воспоставување на правен основ за електронско поднесување на пријава и документи за регистрирање на трговско друштво
- Отстранување на нотарски заверки од постапките на поднесување податоци во трговскиот регистар
- Правно-техничко подобрување на текстот на законот
- Комплетно правно и институционално усогласување со Директивата 2003/58/ЕС

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010)

Член 14 став (1), (2), (3)

(1) Трговецот- поединец се запишува во трговскиот регистар кај судот според местото во коешто ја врши дејноста. Во пријавата за упис се наведуваат:
1) името и презимето, единствениот матичен број на граѓанинот (во натамошниот текст: ЕМБГ) и местото на живеење;
2) фирмата под којашто ќе се врши дејноста;
3) седиштето од каде што ќе се врши дејноста и
4) предметот на работење.
(2) Пријава за упис на трговец-поединец во трговскиот регистар поднесува физичкото лице, кое бара да биде запишано како трговец-поединец или негов полномошник со посебно полномошно во коешто се наведуваат податоците што се запишуваат во трговскиот регистар.
(3) Кон пријавата за упис се приложуваат:
1) заверен потпис на трговецот-поединец кај нотар;
2) изјава од физичкото лице дека не му е изречена забрана да врши некоја од дејностите определени со овој закон и
3) изјава од физичкото лице дека уредно ги платил даночните обврски и придонесите за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, односно дека, во согласност со членот 29 од овој закон, не постои пречка да стекне својство на трговец-поединец.

Член 15 став (5) точка 1)

Член 16 став став (5)

(5) Кон пријавата за упис на пренесување на фирмата се приложува:
1) договор за пренос на фирмата заверен кај нотар и
2) доказ дека сите доверители се согласиле со пренесувањето на фирмата, освен ако во рокот од ставот (2) на овој член, ниту еден доверител со поднесок пред судот не се спротивставил на преносот на фирмата.

Член 18 став (2)

(2) Трговецот- поединец поднесува пријава за бришење на уписот на трговецот - поединец во трговскиот регистар. Кон пријавата за бришење на уписот се приложуваат:
1) изјава за престанувањето на трговецот- поединец;
2) доказ дека сметката на трговецот- поединец е затворена и
3) доказ дека трговецот- поединец уредно ги платил даночните обврски и придонесите за пензиско, инвалидско, здравствено осигурување и придонесот за вработување.

Член 29 став (2) точка 5)

5) лица за кои со правосилна одлука на судот е утврдено дека сториле кривично дело лажен стечај, предизвикување стечај со несовесно работење, злоупотреба на постапката стечај, оштетување или повластување на доверители.

Изјава за основање, за статусни промени и за преобразба

Член 32

(1) Основачите на трговското друштво, како и првите членови на органите на управување, односно управителот, освен првите членови на органите на управување кај симултаното основање на акционерското друштво, кон пријавата за упис на основањето на трговското друштво во трговскиот регистар, поднесуваат изјава во којашто ги наведуваат дејствијата извршени со цел правилно да се основа трговско друштво и со којашто тврдат дека друштвото го основале во согласност со закон и дека податоците содржани во прилозите (исправите и доказите) коишто ги поднесуваат кон пријавата за упис на основањето во трговскиот регистар се вистинити и се во согласност со закон. Изјавата може да биде поднесена во писмена форма или во електронска форма преку едношалтерскиот систем во согласност со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, Законот за Централниот регистар на Република Македонија и прописите за едношалтерски систем.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член се применува и во случај на измена на договорот на друштвото, односно на статутот. Изјавата ја даваат членовите на органите на управување, односно на надзорниот одбор, односно контролорот, ако трговското друштво има орган на надзор, кои ја вршат оваа функција во времето на измените на договорот за друштвото, односно на статутот.

(3) Во случај на присоединување, спојување или поделба на трговско друштво, односно преобразба од една во друга форма на друштво, изјавата од ставот (1) на овој член, со содржина соодветна на присоединувањето, спојувањето, поделбата, односно на преобразбата од една во друга форма на друштво, ја поднесуваат членовите на органите на управување, управителот, односно на надзорниот одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор, кои ја вршат оваа функција во друштвото што се присоединува и во друштвото кон коешто се врши присоединувањето, во друштвата коишто се спојуваат, во друштвото коешто се дели и во друштвото коешто го прима делот од имотот и од обврските на друштвото што се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање, односно во друштвото што се преобразува.

(4) Изјавата од ставовите (2) и (3) на овој член се заверува кај нотар.

(5) Ќе се одбие да се изврши упис во трговскиот регистар на основањето, на измената на договорот за друштвото, односно на статутот, на извршената статусна промена на трговското друштво, односно на преобразбата од една во друга форма на друштво ако не биде поднесена соодветна изјава од ставовите (1),(2) и (3) на овој член.

## Член 36

Содружниците, односно акционерите учествуваат во поделбата на добивката што им припаѓа во трговското друштво, под условите и начинот утврдени со договорот за друштвото, односно со статутот.

## Член 37

(1) Податоците запишани во трговскиот регистар и одлуките на судот, кога е тоа определено со овој закон, се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија", освен ако со овој закон поинаку не е определено. Трошоците за објавувањето паѓаат на товар на субјектот на уписот.
(2) Судот, по извршувањето на решението за упис, по службена должност, ги доставува податоците запишани во трговскиот регистар за објавување во „Службен весник на Република Македонија". Во објавата се наведуваат актите врз основа на коишто е извршен уписот и се наведува правото на увид на тие акти во трговскиот регистар.
(3) Податоците запишани во трговскиот регистар се објавуваат во целост во „Службен весник на Република Македонија", освен ако со овој закон не е определено запишаните податоци да се објават делумно, или во изводи или да се објави известување за уписот, на трошок на субјектот на уписот.
(4) Субјектот на уписот може, на сопствен трошок и по сопствен избор, податоците запишани во трговскиот регистар да ги објавува и во дневниот печат.
(5) Во случај на објавување податок во дневниот печат којшто е различен од податокот објавен во „Службен весник на Република Македонија", третите лица не можат да се повикуваат на објавениот податок во дневниот печат.
(6) „Службен весник на Република Македонија", по потреба, а најмалку двапати месечно, издава специјални изданија со податоци запишани во трговскиот регистар.
(7) Кога со овој закон е утврдена обврската објавувањето да се врши во дневен весник, објавувањето се врши во дневен весник што се дистрибуира на целата територија на Република Македонија.

## Член 38 став (2)

(2) Ако постои несогласност на податоците објавени на интернет страницата на Централниот регистар или во случај кога е тоа определено со овој закон во „Службен весник на Република Македонија", со податоците запишани во трговскиот регистар, несогласноста не може да се истакнува спрема трети лица. Третите лица можат да се повикуваат на податоците објавени на интернет страницата на Централниот регистар односно во „Службен весник на Република Македонија" кога тоа е пропишано со овој закон освен ако друштвото докаже дека тие биле запознаени со податоците запишани во трговскиот регистар.

## Член 65

(2) Именувањето, престанувањето на мандатот и податоците за застапникот по закон, како и ограничувањата на неговите овластувања спрема трети лица се запишуваат во трговскиот регистар. При уписот на застапникот по закон во трговскиот регистар се приложува потпис заверен кај нотар. Странските лица можат да приложат потпис заверен кај надлежниот орган во земјата чиишто државјани се.
(3) Потписот од ставот (2) на овој член, може да се даде и како електронски потпис на соодветниот образец за упис во електронска форма.

## Член 78 став (3)

(3) Кон пријавата за упис се приложува и одлуката за давање на прокурата, односно одлуката со којашто се ограничува, односно отповикува таа и доказ за заверен потпис (којшто го содржи полното име и презиме на прокуристот) кај нотар.

## Член 79

(1) Трговски полномошник е вработено лице во трговското друштво или друго физичко лице кое, за награда, е овластена од застапниците по закон на друштвото да го води претпријатието или негов дел, во рамките на даденото полномошно.
(2) Трговското полномоштво се дава во писмена форма со заверка на потписите кај нотар.

## Член 92

(1) Постапката за упис во трговскиот регистар се поведува со поднесување писмена пријава на пропишан образец, поднесена од овластен подносител, во којашто е содржано барањето за упис.
(2) Пријава за упис на трговско друштво поднесува органот на управување, односно овластен член на органот на управување, освен ако со овој закон поинаку не е определено.
(3) Пријавата од ставот (2) на овој член, може да ја поднесе и полномошник со полномошно дадено од овластениот подносител, заверено кај нотар, освен ако со овој закон поинаку не е определено.
(4) За вистинитоста и за законитоста на податоците одговара овластениот подносител од ставот (1) на овој член, односно лицата определени со овој закон.

## Член 93

(1) Со пријавата за упис во трговскиот регистар се поднесуваат и потребните прилози (исправи и докази) во коишто се содржани податоците што се запишуваат во трговскиот регистар.
(2) Ако се внесува непаричен влог во недвижна ствар, се доставува и доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар.
(3) Ако со закон е определено доставување на одобрение од надлежен орган, со пријавата се приложува и тој доказ.
(4) Во пријавата за упис не може да бидат внесувани и други податоци, освен оние кои, според овој закон, се запишуваат во трговскиот регистар или да се бара од субјектот на упи-сот да доставува други прилози (исправи и докази), освен оние кои со овој закон е опреде-лено дека мора да бидат приложени кон пријавата за упис.
(5) Прилозите (исправите и доказите) што се доставуваат со пријавата за упис во трговскиот регистар, се скенираат од овластено лице од Централниот регистар и се чуваат

како во електронска форма, така и во оригинал, препис или заверени копии, како составен дел на трговскиот регистар.

Член 108

(1) Кога судот утврдил ништовност на упис, во согласност со членот 107 од овој закон, Централниот регистар на Република Македонија врз основа на правосилната одлука, носи по службена должност решение за бришење на ништовниот упис.
(2) Бришењето на уписот од трговскиот регистар се објавува. Одлуката од членот 107 на овој закон произведува правно дејство спрема трети лица наредниот ден од денот на нејзиното објавување.
(3) Ништовноста на уписот не влијае на правните работи преземени од името на трговското друштво.

Член 109

(1) Правосилна одлука, донесена по тужба или предлог, којашто се однесува на упис извршен во трговскиот регистар, по службена должност ја доставува судот што ја донел одлуката до Централниот регистар на Република Македонија.
(2) Изречената прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност по правосилноста на одлуката, судот по службена должност ќе ја достави на Централниот регистар на Република Македонија.
(3)Централниот регистар на Република Македонија ќе изврши упис на изречената прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност со прибелешка во регистарската влошка и тоа ќе го објави.

Член 112 став (2)

(2) Потписите на содружниците на договорот за друштвото се заверуваат кај нотар.

Член 115 став (3)

Содружниците, односно лицата кои според договорот за друштвото се овластени за застапување приложуваат потписи заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон

Член 142

(3) Тужбата од ставот (1) на овој член се поднесува во рок од 90 дена од денот на настанувањето на причината.

Член 150

Командитното друштво се основа со договор за друштво. Заверката на потписите на договорот за друштвото се врши кај нотар.

Член 153 став (4)

(4) Содружниците, односно лицата кои, според договорот за друштвото, се овластени за застапување на командитното друштво приложуваат потписи-заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон.

Член 159

(1) Уделите во командитното друштво можат да бидат пренесени на трето лице само со согласност на сите содружници (комплементари и командитори) на командитното друштво, дадена во писмена форма и заверена кај нотар.

Член 170

(1) Друштвото со ограничена одговорност (во натамошниот текст во глава трета од петтиот дел: друштвото), се основа со договор за друштвото што го склучуваат сите основачи.
(2) Ако друштвото го основа едно лице, договорот за друштвото се заменува со изјава на основачот за основање на друштвото со ограничена одговорност (во натамошниот текст: изјава за основање на друштвото).
(3) Потписите на основачите на договорот за друштвото, односно потписот на основачот на изјавата за основање на друштвото се заверуваат кај нотар.
(4) Основачите го склучуваат договорот за друштвото лично или преку полномошник, кој мора да има полномошно заверено кај нотар. Полномошно не е потребно ако застапникот на основачот врз основа на закон е овластен за него да го склучи договорот за друштвото, односно да даде изјава за основање на друштвото.
(5) Основање на друштво со собирање содружници, односно со запишување влогови преку јавен повик не е допуштено.

Член 183

(1) Кон пријавата за упис на основањето на друштвото се приложуваат:

1) договорот за друштвото, односно изјавата за основање на друштвото, со сите прилози вклучувајќи го и полномошното за полномошникот;

2) копија од пасош или од лична карта ако основач е физичко лице или од друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја, односно доказ за регистрација ако основач е правно лице;

3) ако се внесуваат непарични влогови-договорите со коишто тие се утврдуваат и спроведуваат, извештајот на проценувачот, освен кога во согласност со членот 177 од овој закон, несе врши процена и доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар;

4) одлуката за избор на управител, ако не е назначен со договорот за друштвото, во којашто се наведуваат името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетотважечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на

живеење;

5) изјава на секој управител на друштвото дека го прифаќа изборот-заверена кај нотар, а ако со договорот за друштвото е определено дека друштво коешто има повеќе од еден управител ќе го застапува само еден од управителите, заедно или без прокурист, и изјава дека се прифаќа застапувањето на друштвото на начинот определен во договорот за друштвото;

6) одлуката за избор на членовите на надзорниот одбор, односно на контролорот, ако друштвото има орган на надзор, во којашто се наведени името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење;

7) доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар;

8) дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган ако таа обврска е определена со закон за упис на друштвото во трговскиот регистар;
9) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон и
10) изјава, во согласност со членот 32 од овој закон.

(2) Управителот, односно лицата кои според договорот за друштвото, се овластени за застапување приложуваат потписи заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65, ставови (2) и (3) од овој закон.

Член 207

(3) Тужбата се поднесува во рок од 90 дена од денот на настанувањето на причината.

Член 208

(3) Тужбата се поднесува во рок од 90 дена од денот на настанувањето на причината.

Член 242

(4) Се смета дека на управител му престанал мандатот со денот што го назначил во оставката, поднесена во писмена форма до сите содружници. Управителот го заверува потписот на оставката кај нотар. По поднесената оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Ако интересите на друштвото тоа го наложуваат, содружниците можат да го обврзат управителот да ја врши функцијата до избор на нов управител, но не подолго од 30 дена. До трговскиот регистар се поднесува оставката во писмена форма за да се изврши бришење на уписот на управителот во
трговскиот регистар. Ако друштвото е со еден управител, а друштвото нема избрано управител, судот поставува привремен управител, на начин определен со овој закон.

Член 253

(1) Пријавата за упис на одлуката за измена на договорот за друштвото заради упис во трговскиот регистар ја поднесува управителот или од него овластено лице со полномошно, заверено кај нотар.

Член 256 став (4)

(4) Влогот се презема со изјава за преземање влог којашто се дава во писмена форма. Изјавата, покрај износот на преземениот влог, содржи податоци за сите други обврски што произлегуваат од договорот за друштвото, односно од одлуката за зголемување на основната главнина. Ако лицето што презема влог не е содружник, изјавата ја содржи и неговата согласност дека станува содружник и дека ги презема правата и обврските определени со договорот за друштвото. Изјавата се заверува кај нотар.

Член 285

(1) Друштвото може да биде основано од едно и од повеќе лица.
(2) Основачи на друштвото се лицата кои го потпишале статутот.
(3) Основачите ги заверуваат потписите на статутот кај нотар.

Член 392 став (6)

(6) Полномошното може да се даде само за една седница на собранието на друштвото.

Член 400 б став (1)

(1) Физичко или правно лице кое е акционер согласно со одредбите на овој законможе да презема дејства за време на вршењето на неговата дејност за сметка на друго физичко или правно лице (во натамошниот текст: клиент). Лицето кое презема дејства во име на еден или повеќе клиенти, го обелоденува на друштвото идентитетот на секој свој клиент и бројот на акциите чие право на глас го остварува за сметка на секој клиент, како и содржината на овластувањето и инструкциите за гласање ако такви инструкции примил од клиентот. Друштвото не може да бара нотарска заверка или потврда од домашен или странски орган на документите со кои ќе се врши обелоденувањето.

Попис и усогласување на состојбите
Член 473
(1) Секој трговец мора да состави прецизен попис на целиот свој имот. Пописот одделно ги прикажува недвижностите, постројките, опремата, резервите, нематеријалните средства (патенти и лиценци), паричните средства и еквивалентите на парични средства и сите други тековни средства со наведување на вредноста на секој дел од имотот одделно.
(2) Состојбата на материјалните средства во сметководството се усогласува најмалку еднаш годишно со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември.
(3) Трговецот го врши пописот секоја деловна година којашто трае една календарска година.

(4) Обврска за вршење попис на материјалните средства имаат сите лица кои се сметаат за трговци според својата форма, како и трговецот - поединец.
(5) Деловите од имотот од ист или сличен род можат да се прикажат заедно како група со нивната вкупна вредност.
(6) Трговецот врши попис и во случај на статусни промени, ликвидација и стечај и во други случаи определени со закон.

Консолидирана годишна сметка и финансиски извештаи
Член 504

(1) Трговското друштво секоја година составува и објавува консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи, ако има превладувачко влијание во едно или повеќе друштва.
(2) Консолидираната годишна сметка се изготвува според начинот на кој министерот за финансии го утврдува водењето сметководство заради даночни потреби и цели.
(3) Консолидирани финансиски извештаи се изготвуваат според [23]меѓународните стандарди за финансиско известување.
(4) Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи мораат да бидат составени на ист датум на којшто е составена годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото со превладувачко влијание.

Член 505

(1) Консолидираната годишна сметка содржи консолидиран биланс на состојбата и консолидиран биланс на успех.

Член 537-г став (2)

(2) Надлежен орган може да се спротивстави на секое прекугранично спојување доколку е тоа во спротивност со законите и другите прописи за заштита на конкуренцијата и јавниот интерес определен со закон.

Член 537-ѕ став (3)

(3) Покрај барањето и потврдата од ставот (2) на овој член, органот на управување на македонското друштво до судот го доставува и предлогот со условите, извештајот од членот 537-е, извештајот од членот 537-ж, освен кога таков согласно со членот 537-ж став (3) од овој закон не е подготвен, потврдата од членот 537-ѓ став (3), записникот од членот 537-з став (6), потврдата за претспојување од членот 537-ѕ став (9) на овој закон, како и други документи од значење за прекуграничното спојување кои на барање на судот треба да му се достават од друштвото.

Член 541

(1) Првите ликвидатори и нивните овластувања се пријавуваат заради упис во трговскиот регистар. Секоја промена заради упис во трговскиот регистар ја пријавуваат самите ликвидатори.

(2) Назначувањето и разрешувањето на ликвидаторите од страна на судот се запишуваат во трговскиот регистар по службена должност.
(3) Ликвидаторите го доставуваат својот потпис кај судот, ако го немаат сторено тоа, како членови на органот на управување или како управители.

Член 544

Ликвидаторот, по уписот во трговскиот регистар, без одлагање, два пати во интервал не пократок од 15 дена, а не подолг од 30 дена од уписот во трговскиот регистар, објавува дека друштвото е во ликвидација. Објавата се врши во „Службен весник на Република Македонија" и најмалку во еден дневен весник. Со објавата се повикуваат доверителите да ги пријават своите побарувања во рок од 60 дена од денот на последната објава. Познатите доверители се известуваат поединечно и во писмена форма за ликвидацијата.

Член 545-в

Доколку ликвидаторот по истекот на рокот за пријава на побарувањата утврди дека нема пријавени побарувања на доверителите, ликвидаторот е должен во рок од седум дена да поднесе пријава за бришење на трговското друштво од трговскиот регистар."

Член 581 став (2)

(2) Странските друштва и странските трговци - поединци не можат да вршат дејност на територијата на Република Македонија се додека не организираат подружница.

Член 598

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец - поединец, ако:
1) регистрира повеќе од една фирма (член 14 став (4));
2) преносот на фирмата на трето лице ќе го изврши спротивно на одредбите на овој закон (член 16 став (2)) и истиот не го запише во трговскиот регистар (член 16 став (4));
3) престанувањето на работењето не го пријави на органот надлежен за јавни приходи (член 17 став (1)) и не поднесе пријава за бришење на уписот во трговскиот регистар (член 18 став (2));
4) започне со вршење дејност пред запишувањето во трговскиот регистар и пред добивањето одобрение од надлежен орган за исполнување на пропишаните услови за вршење на таа дејност ако е тоа определено со закон (член 63);
5) презема правни работи и дејствија надвор од предметот на работење, запишан во трговскиот регистар (член 64 став (1));
6) не води или уредно не ги води трговските книги (членови 471 став (1) и 472 став (3));
7) не ги чува на соодветен и правилен начин трговските и другите документи (член 474) и
8) не составува, не објавува и не доставува годишни сметки (членови 476 став (1) и 477 ставови (1), (4) и (5)).
(2) Покрај глобата од ставот (1) на овој член за прекршокот од ставот (1) точки 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член на трговецот-поединец ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на

вршење дејност од една до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката."

Член 599

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговското друштво, ако:
1) започне со вршење дејност пред запишувањето во трговскиот регистар и пред добивањето одобрение од надлежен орган за исполнување на пропишаните услови за вршење на таа дејност ако е тоа определено со закон (член 63);
2) не ги стори достапни информациите во согласност со член 10 од овој закон;
3) во своето работење фирмата не ја употребува како што е запишана во трговскиот регистар (член 52 став (1)) или употребува скратен назив на фирмата, а истиот не е запишан во трговскиот регистар (член 52 став (3));
4) без изречна согласност на излезниот содружник или неговите наследници ја употребува старата фирма (член 53);
5) не ја пријави промената на седиштето во трговски регистар (член 61 став (3)) и
6) не составува, не објавува и не доставува годишни сметки, односно и консолидирани годишни сметки, финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи, кога има-ат обврска за тоа со овој закон (членови 476 став (1), 477 став (1), (4) и (6), 482 ставови (1) и (2), 504 и 506 ставови (4) и (5));
7) не исплати дивиденда во рокот утврден со членот 487 став (5) од овој закон
(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во друштвото.
(3) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на трговското друштво ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од шест месеца до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката
(4)Покрај глобата од ставот (1) точки 1 и 3 на овој член на одговорното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење од најмалку една до најмногу пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката

Член 600

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на јавно друштво, ако:
1) врши дејност којашто, како занимање, може да ја врши лице кое има соодветна квалификација, а меѓу содружниците или вработените нема лице со соодветна квалификација (член 113);
2) содружниците кои не се управители ги лиши од правата (член 132) и
3) ако не го пријави за упис во трговскиот регистар престанувањето на друштвото (член 147).
(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во јавното друштво.
(3) Покрај глобата од ставот (1) точка 3) на овој член на одговорното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење од една до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.

Член 601

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото со ограничена одговорност, ако:
1) трошоците и наградите за учество во основање на друштвото не се исплатат од добивката во согласност со членот 180 став (3) на овој закон;
2) секоја промена на податоците, секое пристапување и истапување на содружник од друштвото не ја пријави за упис во трговскиот регистар со пријава (член 182 став (4));
3) имотот на друштвото, којшто е потребен за зачувување на основната главнина, се исплати на содружник (член 192 став (2));
4) не води книга на удели, во согласност со членот 195 став (1) на овој закон, односно книгата на удели не ја води ажурно и точно (член 195 став (2));
5) врз основа на одлука на судот, во рок од три дена од денот на приемот на решението, не ја изврши одлуката и не го внесе уписот во книгата за удели (член 196 став (4));
6) не го поднесат извештајот од извршената ревизија од овластени ревизори до собирот на содружниците (член 230 став (3));
7) органот на управување е составен спротивно на членот 231 од овој закон;
8) не изготват годишна сметка, финансиски извештај и годишен извештај за работата на друштвото од претходната деловна година или ако бидат изготвени, а не ги поднесат на собирот на содружниците, односно на собранието во роковите определени со овој закон (член 240 став (2));
9) надзорниот одбор, односно контролорот се составени спротивно на членот 246 од овој закон;
10) во своите деловни објави и прописи го споменува зголемувањето на основната главнина пред објавувањето на одлуката во трговскиот регистар (член 257 став (4));
11) изврши исплата на содружниците врз основа на намалување на основната главнина пред уписот на измените на договорот за друштвото во трговскиот регистар (член 264 став (1));
12) не го пријави за упис во трговскиот регистар престанувањето на друштвото (член 269 став (1)) и
13) не поднесле пријава за упис во трговскиот регистар на преобразбата на друштвото од една во друга форма (член 514 став (1));
(2) Покрај глобата од ставот (1) на овој член за точка 6 од став (1) на овој член ќе се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од шест месеца до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката
(3) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во друштвото.
(4) За прекршоците од став (1) точки 2, 6, 8 и 12 на овој член на одговорното лице на друштвото ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење од една до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката."

Член 602

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на акционерско друштво, ако:
1) пред уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар издало акции (член 302 став (1));
2) не ги чува актите и документите во седиштето на друштвото, предвидени во членот 319 на овој закон;
3) ги лиши акционерите од правото на информирање (член 320);
4) им ветуваат или им исплатуваат камати на акционерите (член 328 став (2));
5) известувањето за откупот на акциите не се објави во „Службен весник на Република Македонија" (член 339 став (5));
6) одлуката на собранието за избор на одбор на директори или на надзорен одбор не ја пријави за упис во трговскиот регистар (член 344 став (5));
7) обврската, во случај на загуба, презадолженост или неспособност за плаќање не ја извршува во согласност со членот 354 став 4 од овој закон;
8) не поднесе пријава за упис во трговскиот регистар на отповикани или избрани членови од одборот на директори или надзорниот одбор (член 363 став (5));
9) управниот одбор не поднесе пријава за упис во трговскиот регистар на членови на управниот одбор овластени за застапување на друштвото (член 377 став (3));
10) органот на управување не ја достави на судот правосилната одлука за да се изврши упис во трговскиот регистар (член 415 став (1));
11) не го пријави извршеното зголемување на основната главнина заради упис во трговскиот регистар (членови 433 став (1), 435 став (2), 438 ставови (1) и (2) и 441 став (1));
12) не ја пријави одлуката за намалување на основната главнина и извршеното намалување на основната главнина заради упис во трговскиот регистар (член 444 став (1) и 451 став (1));
13) не поднесе пријава заради упис во трговскиот регистар на одлуката за престанува-ње на друштвото (член 453 став (1)) и
14) не поднесле пријава за упис во трговскиот регистар на преобразбата на друштвото од една во друга форма (член 514 став (1)).
(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото. За прекршоците од ставот (1) точки 1, 2, 3, 13, 14 и 15 на овој член,на одговорното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење од една до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.

Член 603

„(1) Глоба во износ од 2.500 до 25.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на Централниот депозитар ако на акционерот не му овозможи увид во акционерската книга, односно не му издаде фотокопија од податоците запишани во акционерската книга на друштвото (член 283 ставови (6) и (7)).
(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на Централниот депозитар во согласност со членот 283 ставови (6) и (7) од овој закон."

Член 604

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на командитното друштво, ако:
1) уписот на командитното друштво со акции во трговскиот регистар е извршен спротивно на членот 464 од овој закон и
2) не поднесле пријава за упис во трговскиот регистар на преобразбата на друштвото од една во друга форма (член 514 став (1)).
(2) Глоба во износ од 2.500 до 25.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото. За прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во друштвото ќе му се изрече и прекршочна санкција - забрана за вршење должност во траење од една до пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.

Член 605

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на странско трговско друштво ако врши дејност на подрачјето на Република Македонија без основање подружница (член 585).
(2) Казнените одредби од овој закон се применуваат и на подружниците и на одговорните лица на подружниците, организирани од странски лица кои се субјекти на упис во трговскиот регистар.

Член 605-а

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво чии акции котираат на берза и на друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување, ако на својата официјална интернет страница не ги објави податоците определени во членот 387 став (3) од овој закон.

Член 605-а

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво, ако акциите стекнати согласно со членот 335 став (1) од овој закон претходно не биле понудени за продажба во рокот од членот 335 став (2) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во друштвото од ставот (1) на овој член.

Член 13

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво чии акции котираат на берза и на друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување, ако на својата официјална интернет страница не ги објави податоците определени во членот 4 со кој се додава нов член 388-б, членот 6 со кој се додава нов член 391-б став (6), членот 8 со кој се додава нов член 392-а став (7) и членот 10 со кој се додава нов член 401-а став (3) од овој закон.

Член 14

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото ако постапи спротивно на членот 4 со кој се додава нов член 388-а, членот 8 со кој се додаваат членовите 392-б став (3) и 392-в став (2) од овој закон.

Член 27

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото кое нема да организира служба за внатрешна ревизија како независна организациска единица во друштвото согласно со членот 10 од овој закон со кој се додава нов оддел „ОДДЕЛ 6-а Служба за внатрешна ревизија“ и четири нови члена 415-а, 415-б, 415-в и 415-г.

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на секој член на органот на надзор на друштвото, ако не донел одлука со која е организирана служба за внатрешна ревизија како независна организациска единица во друштвото согласно со членот 10 од овој закон со кој се додава нов оддел „ОДДЕЛ 6-а Служба за внатрешна ревизија“ и четири нови члена 415-а, 415-б, 415-в и 415-г.